UDK: 347.965.42:343.137.5(497.7)

# MEDIATION IN THE CHILD JUSTICE SYSTEM

**Ivan BURALIEV**
PhD Candidate, Faculty of Law, University Goce Delcev, Stip
e-mail: ivan.30713@student.ugd.edu.mk

**Veronika GAZEPOVA**
PhD Candidate, Faculty of Law, University Goce Delcev, Stip
e-mail:veronika.30712@student.ugd.edu.mk

**Abstract**

The Child Justice System in North Macedonia is regulated by the Law on Child Justice, whose main feature is the introduction and regulation of out-of-court procedures, specifically restorative justice. In the child justice system, mediation as a restorative justice procedure with the characteristics of contractual justice enables mediation and reconciliation between the victim and the perpetrator of the unlawful act. Within the framework of the procedure with children, mediation aims to encourage a dialogue that will enable the child to understand his or her own responsibility, to perceive the position of the victim before, during and after the commission of the crime, as well as to become familiar with the suffering and consequences that the victim has suffered. In the sense, the aim of this paper is to define and elaborate on mediation according to the Law on Child Justice, and finally to present an analysis of its actual application for the period from 2018 to 2023, in order to discover whether the ambitions for the revival of mediation are only theoretical.

**Keywords:** justice for children, restorative justice, mediation, North Macedonia.

# МЕДИЈАЦИЈА ВО СИСТЕМОТ ЗА ПРАВДА ЗА ДЕЦА

**Иван БУРАЛИЕВ**
Докторанд, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип
е-маил: ivan.30713@student.ugd.edu.mk

**Вероника ГАЗЕПОВА**
Докторанд, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
е-маил: veronika.30712@student.ugd.edu.mk

**Апстракт**

Системот за правда за децата во Северна Македонија е уреден во Законот за правда за децата чија основна карактеристика е воведувањето и уредувањето на вонсудските постапки, односно ресторативната правда. Во системот за правда за децата, медијацијата како постапка на ресторативната права со карактеристики на договорна правда, овозможува посредување и помирување помеѓу жртвата и сторителот на противправното дејствие. Во рамки на постапката со деца, медијацијата има за цел да поттикне дијалог што ќе му овозможи на детето да ја разбере сопствената одговорност, да ја согледа положбата на жртвата пред, за време и по извршувањето

на делото, како и да се запознае со страдањата и последиците што жртвата ги претрпела. Во смисла на тоа, целта на овој труд е да ја дефинира и елаборира медијацијата согласно Законот за правда за децата, за на крај да биде прикажана анализа на реалната примена на истата за период од 2018 до 2023 година, со цел да се открие дали амбициите за заживување на медијацијата се само теоретски.

***Клучни зборови:*** *правда за деца, ресторативна правда, медијација, Северна Македонија.*

## ВОВЕД

Современиот пристап кон малолетничката правда сè повеќе се темели на принципите на ресторативната правда, која се стреми да воспостави рамнотежа помеѓу одговорноста на сторителот и потребите на жртвата. Во Република Северна Македонија, системот за правда за децата е нормативно уреден со Законот за правда за децата, кој претставува значаен исчекор во оддалечувањето од традиционалниот казнен модел кон модели што ја акцентираат ресоцијализацијата и поправката на штетата. Централно место во овој процес зазема медијацијата — постапка која се базира на доброволна соработка, дијалог и меѓусебно разбирање помеѓу жртвата и сторителот. Како форма на договорна правда, медијацијата има за цел не само разрешување на конфликтот, туку и остварување на позитивни психосоцијални ефекти врз детето, како и препознавање на последиците од сопствените постапки.

Во контекст на децата во судир со законот, ваквиот пристап создава можност за рехабилитација преку активно учество, согледување на последиците и повторно воспоставување на нарушените односи. Законот ја препознава вредноста на ваквата практика, но останува отворено прашањето за степенот на нејзината реална имплементација. Имено, и покрај нормативната поддршка, практичната примена на медијацијата често се соочува со институционални пречки. Затоа, потребно е да се направи темелна анализа на степенот до кој медијацијата се применува во пракса, како и да се утврди дали нејзиниот потенцијал навистина се реализира.

Овој труд има за цел да го истражи концептот на медијацијата во рамки на правдата за децата во Северна Македонија, да ја елаборира нејзината нормативна поставеност согласно Законот за правда за децата, и преку анализа на податоци од периодот 2018–2023 година, да ја процени ефикасноста на нејзината реална примена. На тој начин, ќе се обезбеди појасна слика за тоа дали медијацијата функционира како суштински дел од правдата за децата или претставува само декларативна заложба.

## Медијацијата како модел на ресторативна правда

Медијацијата(Committee of Ministers, 1999), како метод за посредување и помирување на жртвата и сторителот на кривичното дело, претставува модел кој се вбројува во алтернативните разрешувања на конфликти настанати со кривично дело. Медијацијата има за цел да ги акцентира интересите што страните ги имаат за разрешување на конфликтот, наспроти интересите на државата(Бужаровска - Лажетиќ, Г. Нанев, Л. Кошевалиска, О., 2016).

Протегајќи се надвор од границите на традиционалното казнено право, медијацијата дава можност за создавање на нова рамнотежа во односите помеѓу страните во конкретен спор и поширокота заедница и во основа содржи методи на постапување што не се вообичаени за казнената област. Во овие методи на постапување спаѓаат доброволноста, интерактивноста,

партиципативноста и достапноста. Медијацијата во кривичната материја е концепт кој е познат во странските законодавства(Сотироски, Љ & Ѓуркова, О, 2010).

Медијацијата спаѓа во т.н. ресторативна правда, која се карактеризира со тоа што таа стореното дело не го гледа како околност што довела до прекршување на законот и поради тоа да биде изречена санкција, туку стореното дело го третира и на истото гледа како настан од кој се повредени меѓучовечките односи и притоа важност придодава на тоа дали и какви последици настапиле како резултат на стореното дело, кој ги почувствувал истите и каква е нивната природа.

За разлика од ретрибутивниот модел како традиционален модел, медијацијата може позитивно да влијае врз правилниот развој на децата, но и да даде одговор на голем број недостатоци.

**Медијација според Законот за правда за децата**

Медијацијата во системот за правда за децата за првпат е воведена со Законот за малолетничка правда(Службен весник на Република Македонија, 87/2007, 103/2008, 161/2008 и 145/2010), како претходник на Законот за правда за децата(Службен весник на Република Македонија, 152/2019 и 275/2019) од 2013 година.

Со донесувањето на новиот Закон за правда за децата(Службен весник на Република Северна Македонија, 66/2024) од 2024 година, иако навидум нормативниот текст на законот не се разликува со претходниот од 2013 година, новите законски решенија ја зајакнуваат медијацијата преку пропишување на задолжителен обид за спроведување на истата. Притоа новите законски решенија во споредба со претходните, покрај тоа што се допрецизирани, истите дополнително го пропишуваат значењето и страните на медијацијата, задолжителното упатување на медијацијата, скратување на траењето на постапката на медијација и елементите на писмената спогодба помеѓу страните.

Медијацијата во новиот Закон за правда за децата е уредена во глава дванаесетта во членовите од 82 до 89, а во однос на сите прашања кои што не се уредени со одредбите од оваа глава, се применуваат одредбите од Законот за медијација, како lex generalis.

Според членот 82 став 1 од Законот за правда за децата (Службен весник на Република Северна Македонија, 66/2024), Медијацијата е посредување и начин на решавање на споровите наведени во Законот за правда за децата, настанати меѓу две или повеќе страни во спорот, при што им се овозможува истиот да го решат по пат на мирење, со посредство на трета неутрална страна медијатор/медијатори со можност да постигнат заемно прифатлива писмена спогодба. Законот определува дека страни во постапката се дете во ризик, дете во судир со законот или дете жртва со неговиот законски застапник и оштетениот, а во случај да тоа го бараат интересите на детето во постапката може да учествуваат бранител/и, стручно лице, односно стручни лица и водителот на случај од надлежниот Центар.

Без оглед на тоа колку пати детето било во контакт со закон, доколку за стореното дејствие што со закон е предвидено како кривично дело е пропишана казна затвор до 5 години јавниот обвинител е должен даде предлог за упатување на страните на постапка за медијација. Упатувањето на постапка за медијација кога е по предлог на надлежниот јавен обвинител треба да се сфати како облик на откажување од гонење со интервенција од причина што истиот остава страните да постигнат договор кој е заеднички и прифатлив. Притоа за да биде даден предлог за упатување на страните на постапка за медијација, фактичката состојба потребно е да биде неспорна како за надлежниот обвинител така и за сите страни кои се инволвирани.

Тргнувајќи од одредбата од член 83 од новиот Закон за правда за деца, а во споредба со стариот, произлегува дека постои обврска за јавниот обвинител да оствари задолжителен обид за медијација од причина што со претходното законско решение беше предвидено дека јавниот обвинител „може да ги упати страните на постапка за медијација“, што не е случај со новото законско решение каде јасно стои дека „надлежниот јавен обвинител дава предлог до страните за упатување на постапка на медијација“.

Доколку пак е поведена судска постапка, надлежниот суд за деца, може од причини на целесообразност да даде предлог до страните за упатување на постапка за медијација. Следствено на тоа произлегува дека кога станува збор за надлежниот суд за деца во новиот Закон за правда за деца не постои обврска за надлежниот суд да оствари задолжителен обид за медијација и во овој случај надлежниот суд врши оцена на околностите на случајот пред да одлучи да им понуди на страните, спорот да го решат по пат на медијација.

Имено, законот остава рок од три дена во кој страните можат да одлучат дали сакат предметот да го решат по пат на медијација или не. Во случај да биде истакната согласност од страните за спроведување на постапка за медијација, тие се должни таквата согласност да ја истакнат писмено до надлежниот јавен обвинител, односно суд за деца. Доколку согласност не биде доставена се смета дека предлогот не е прифатен. Постојат мислења дека рокот од три дена е краток, меѓутоа истиот е сосема разумен доколку се има во предвид итноста во постапувањето.

Одредбата од член 83 став 4 од Закон за правда за децата (Службен весник на Република Северна Македонија, 66/2024), упатувањето на медијација е исклучено за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела на насилство, против половата слобода и половиот морал и родово засновани облици на насилство, а согласно со меѓународни договори ратификувани согласно Уставот на Република Северна Македонија. Ваквата забрана пред се произлегува од ставот дека жртвата на ваков вид насилство не може да биде на исто ниво со сторителот, кое нешто пак е неопходно за да биде започнат процес со кој на алтернативен начин ќе биде разрешен одреден спор.

Доколку страните дале писмена согласност за да се спроведе постапка на медијација истите имаат обврска спогодбено да определат медијатор од Именикот на медијатори во рок од 3 дена сметано од денот кога ја доставиле писмената согласност до надлежниот јавен обвинител, односно суд за деца. Покрај тоа страните имаат обврска и да го известат јавниот обвинител, односно судот за деца за определениот медијатор.

Постои можност страните да не можат спогодбено да се договорат кое лице да биде медијатор во нивниот случај и во ваков случај за тоа го известуваат надежниот јавен обвинител, односно суд за деца и по добивањето на известувањето, јавниот обвинител, односно судот има должност да определи медијатор и да ги извести на страните во рок од три дена сметано од денот кога страните не успеале спогодбено да определат медијатор.

Законодавецот предвидел рок во кој постапката за медијација треба да заврши, па така согласно новиот Закон за правда за децата од 2024 година истиот изнесува 30 дена сметано од денот кога страните доставиле писмена согласност до органот што ги упатил на медијација. Во случај постапката за медијација да не се заврши во рок од 30 дена, предметот се враќа кај надлежниот јавен обвинител, односно суд за деца и постапката продолжува онаму каде била прекината.

По изборот на медијатор почнува постапката за спроведување на медијација. Термините за водење на медијацијата ги определува медијаторот, но во договор со страните и нивното присуство во текот на постапката е задолжително. Пред започнување на постапката за медијација за медијаторот е пропишана должност да ги запознае страните со начелата, правилата и трошоците на постапката за медијација. За медијаторот е оставена можност да комуницира со страните заедно или одвоено, но предлозите и ставовите од едната страна може да ги пренесува

на другата страна, само доколку постои согласност за тоа. Имено, медијаторот е должен да страните да им пружа помош со цел истите да постигнат спогодба, меѓутоа ненаметнувајќи решение на спорот, а во согласност со начелата на доброволност, рамноправност, неутралност, доверливост, исклучување на јавноста и еднаквост на страните.

За страните е предвидена можност во било кое време да се откажат од започнатата постапка за медијација без наведување на причините за откажувањето, а откажувањето се смета од денот кога била поднесена изјавата за истото. Медијаторот може да ја запре започнатата постапка за медијација во случај да констатира дека е постигната спогодба која е незаконска или која не е подобна за извршување.

Постапката за медијација може да биде успешна или неуспешна.

Постапката се смета за успешна доколку истата завршила со склучување на писмена спогодба помеѓу страните и медијаторот, а во поглед на елементите[1] што писмената спогодба треба да ги содржи во новиот Закон за правда за деца од 2024 година истите се таксативно наведени.

Медијацијата е неуспешна во два случаи и тоа:

- првиот, кога по спроведените консултации со страните, медијаторот заклучи дека истата не може да биде успешна и дека натамошните обиди за постигнување заедничко решение е бесцелно и доведува до продлабочување на јазот помеѓу страните, па во ваков случај медијаторот е должен без одлагање писмено да го извести органот кој ги упатил страните на медијација и
- вториот, кога рокот предвиден за завршување на постапката истекол, а страните во тој рок не постигнале спогодба.

Во случај на успешно завршување на медијацијата со склучување на писмена спогодба, истата се доставува на оцена и одобрување до органот кој ги упатил страните на медијација. Органот кој ги упатил страните на медијација со решение ја запира постапката во рок од три дена сметано од денот кога констатирал дека е исполнета договорената обврска во рокот предвиден во писмената спогодба. Доколку органот кој ги упатил страните на медијација не ја прифати спогодбата или пак доколку констатира дека не се исполнети обврските од писмената спогодба, постапувањето негово продолжува таму каде што прекинало.

Во однос на трошоците на медијацијата, законодавецот предвидел дека истите паѓаат на товар на Буџетот на Република Северна Македонија согласно со Тарифник за медијатори(Службен весник на Република Северна Македонија, 194/2022), а по утврдување на трошоците од страна на органот кој ги упатил страните на медијација.

**Предности на медијацијата**

Медијацијата, предвидена како алтернатива на судската постапка, а која впрочем претставува законски дозволена постапка нуди многу предности меѓутоа нејзина најголема предност е тоа што таа е насочена кон најсоодветното и најприменливото решение. Со оглед на тоа дека предностите на медијацијата се бројни, во продолжение ќе бидат истакнати само неколку од нив.

Првата предност се однесува на одлучувањето. При спроведување на формална судска постапка одлучува судот за деца кој својата одлука ја носи врз основа на заклучувањата по

[1]Види:Член 88 став 4 од Закон за правда за децата

претходно презентираните докази. За разлика од тоа, кај медијацијата одлуката ја носат самите страни кои се авторитет во постапката, а секако со посредство на медијаторот.

Втората предност е тоа што решението кое се постигнува во постапката за медијација им одговара на страните кои што се инволвирани, кое нешто не е случај со одлуката која што се носи во формалната судска постапка од причина што најчесто една од страните не е задоволна од одлуката.

Договорите што произлегуваат од медијацијата имаат поголеми шанси за извршување во споредба со судските одлуки, бидејќи страните се согласуваат само ако навистина го сакаат решението, па оттука произлегуваат и повисоките стапи на успешност(Dr Felix Steffek, 2012).

Третата предност на медијацијата е траењето на истата, односно медијацијата се завршува во период од 30 дена, а може да се заврши и за неколку часа, доколку постои спремност на инволвираните страни. За разлика од тоа, формалните судски постапки иако согласно начелото на итност треба да завршат во разумен рок, истите знаат да бидат долги и неекономични во однос на времето.

Четвртата предност на медијацијата е тоа што не постои двостепеност на постапката, за разлика од формалната судска постапка каде е предвидена двостепеност на постапката, но и можноста за изјавување на вонредни правни лекови во случај кога е тоа законски дозволено.

Петата предност на медијацијата се однесува на тоа што таа е целосно доверлива и се овозможува заштита на приватноста, меѓутоа таа предност се однесува на генералната медијација од причина што кога му се суди на дете јавноста секогаш се исклучува.

Медијацијата е флексибилна постапка затоа што не се бара утврдување грешки и не е „оптоварена“ од потребата да се „казни“ некоја страна (Cahyaningtyas, I., 2018).

Дополнителна предност на медијацијата е што успешната медијација води кон отсуство на регистрирање на детето и на кривичниот настан со што детето останува формално правно неосудувано, како лице против кое не се водела кривична постапка, без криминално досие (Институт за европска политика - Скопје, 2013).

**Анализа за примена на медијацијата во кривична предмети спрема деца во Северна Македонија (2018-2023)**

Државниот совет за превенција на детско престапништво согласно член 156 од Законот за правда за децата од 2013 година изготвува годишни извештаи за својата работа и за состојбата во областа на правата на детето и детското престапништво. Притоа Државниот совет ги следи и документира состојбите врз основа на 32 стандардни индикатори кои се развиени согласно меѓународни стандарди, а земајќи ги во предвид националните приоритети и специфичности. На основа добиените и анализираните податоци согласно индикаторите се изведуваат соодветни заклучоци. Индикаторот 12 ги мери бројот на деца кои биле упатени на постапка за медијација.

Предмет на анализа во овој дел од трудот се достапните податоци од годишните извештаи за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво во годините од 2018 до 2023.

Од деталниот приказ на податоците во табела 1 која е дадена подолу, а која се однесува на бројот на упатени деца на постапка на медијација од страна на надлежен суд, упатени деца на постапка на медијација од страна на јавно обвинителство и успешно завршените постапки за медијација кај деца упатени на медијација од јавно обвинителство, се забележува дека во петгодишниот период од 2018 до 2023 година надлежните судови за деца упатиле вкупно 8 деца на медијација, додека јавните обвинителства упатиле 32 деца на медијација. Притоа се забележува дека во годините: 2018, 2021, 2022 и 2023 ниту едно дете не било упатено на постапка за медијација од страна на надлежните судови. За разлика од судовите, кај јавните

обвинителства се забележува конзистентност и висок процент на успешност на завршени постапки за медијација, особено во 2019 и 2020 година. Евидентно е дека постои голема разлика помеѓу бројот на деца упатени на деца од страна на надлежните судови за деца и јавните обвинителства.

**Табела 1:** Упатени деца на медијација и успешно завршена постапка (2018-2023)

| **Година** | **Упатени деца на медијација од надлежен суд** | **Упатени деца на медијација од јавно обвинителство** | **Успешно завршена постапка за медијација кај деца упатени од јавно обвинителство** |
|---|---|---|---|
| 2018 | 0 | 3 | 1 |
| 2019 | 4 | 11 | 7 |
| 2020 | 4 | 11 | 11 |
| 2021 | 0 | 0 | 0 |
| 2022 | 0 | 7 | 7 |
| 2023 | 0 | 0 | 0 |

Податоците од 2018 заклучно до 2019 година се преземени од Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2020 година. Податоците од 2020 заклучно до 2022 година се преземени од Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2022 година. Податоците за 2023 година се преземени од Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2023 година.

## Заклучок

Како што веќе наведовме на почетокот на овој труд, целта беше да се дефинира и елаборира медијацијата согласно со Законот за правда за децата, за на крај да биде прикажана анализа на реалната примена на истата за пет годишен период и тоа од 2018 до 2023 година, што впрочем ја отсликува вистинската и реалната примена на медијацијата во системот за правда за децата во Северна Македонија, а со цел да откриеме дали амбициите за заживување на медијацијата се само теоретски.

За разлика од судската постапка, постапката за медијација во системот за правда за децата е неформална постапка во која трошоците паѓаат на товар на Буџетот на Република Северна Македонија и истата се спроведува на основа строга писмена согласност на страните. Медијацијата е постапка во која се обезбедува рамноправност на страните од страна на медијаторот кој постапува неутрално и непристрасно во однос на страните и спорниот однос.

Договорите што произлегуваат од медијацијата имаат поголеми шанси за извршување во споредба со судските одлуки и процесот е неформален, флексибилен и оневозможува „одложувања на правниот процес“, може да се реши за неколку часа, дена или недели што ја прави оваа постапка и поевтина за разлика од судските постапки. Помалку од 10% од постапките за медијација биле постапки што вклучувале деца во конфликт со законот. Децата и нивните законски застапници не се доволно запознаени со можноста за медијација, додека јавните обвинители и судиите ретко ги упатуваат на медијација. Истовремено, се покажало дека оние случаи што биле решени со постапка за медијација дале резултат, децата не го повториле делото, се помириле со другата страна и покажале каење за она што го сториле(Институт за европска политика, 2022).

Имено, заклучокот до кој дојдовме е сепак дека покрај сите позитивни страни на медијацијата, амбициите за заживување се само теоретски и притоа евидентно е дека нема значајни постигнувања досега. Во смисла на тоа, сметаме дека е потребна поголема поддршка за да се зајакне системот за медијација во постапката спрема деца, но и поголема промоција и информативни кампањи за можностите и предностите кои ги нуди медијацијата како обезбедување на доволно финансиски средства за имплементација и поддршка на постапката за медијација.

**Библиографија**

Committee of Ministers. (1999, September 15). *Recommendation No. R (99) 19.* Повратено од https://search.coe.int/cm?i=090000168062e02b

Бужаровска - Лажетиќ, Г. Нанев, Л. Кошеваliska, О. (2016). Ресторативна правда спрема деца. *Македонска ревија за казнено право и криминологија бр.23 ISSN 1409-5327.*

Сотироски, Љ & Ѓуркова, О. (2010). *Медијацијата во кривичните предмети (македонско и светско искуство).* Штип: 2-ри Август.

Службен весник на Република Македонија. (87/2007, 103/2008, 161/2008 и 145/2010). Закон за малолетничка правда - вон сила. Скопје.

Службен весник на Република Македонија. (152/2019 и 275/2019). Закон за правда за децата - вон сила. Скопје.

Службен весник на Република Северна Македонија. (66/2024). Закон за правда за децата. Скопје.

Службен весник на Република Северна Македонија. (194/2022). Тарифник за медијатори. Скопје.

Dr Felix Steffek. (2012). *Mediation in the European Union: An Introduction.* Cambridge.

Cahyaningtyas, I. (2018). PENAL MEDIATION OF TREATMENTS FOR CHILDREN IN THE JUVENILE JUSTICE SYSTEM. *Diponegoro Law Review, vol. 3, no. 2*, 264-276.

Институт за европска политика - Скопје. (2013). *РЕШЕТЕ го спорот - да, со медијација.* Скопје: Институт за европска политика (ЕПИ).

Институт за европска политика. (2022). Знаете, тие се само деца, Медијацијата и системот за правда за деца. Скопје, Скопје, Скопје.